**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 март 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 16,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Сто триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Милка Митковска, Јанаќе Витановски, Цветанка Гашоска, Ванчо Ѓорѓиев, Благородна Мингова-Крепиева, Рафет Муминовиќ, Сашко Кедев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љубчо Георгиевски, Слободан Чашуле, Али Ахмети, Фазли Велиу, Селвие Салиу, Мендух Тачи, Абдуладди Вејсели, Гзим Остени и Тито Петковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата. Би ве замолил сите да притиснеме за да не се пребројуваме, да не губиме време.

(Пратениците уклучуваат едно од копчињата).

Молам, службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници, бидејќи не притиснаа сите.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

На седницата присуствуваат 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието може полноважно да одлучува.

Оваа седница е свикана заради разгледување на предлогот на Одлуката за огласување избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.

Предлагам, предлогот на дневениот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 61 за, нема воздржани, 1 е против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за огласување избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите 63 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен педложениот дневен ред.

Преминуваме на точката од дневниот ред.

Процедурално бара збор пратеникот Љубисав Иванов-Ѕинго.

Повелете господине Иванов.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Почитуван потпретседателе,

За време на паузата го прочитав Деловникот и никаде не стои дека пратеник што побарал пауза и го поддржале 10 пратеници треба да се гласа затоа што не е од пратеничка група. Да не би дошло Уставниот суд да го поништи ова, барам Законодавно-правната комисија да даде толкување.

Втора работа, овде добивме одлука потпишана од претседател за огласување на избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија. Бидејќи седницата е од итен карактер, прво поставувам прашање, бидејќи пишува дека е тоа на основа "Сужбен весник" бр. 40/2006, кога е издаден, јас го немам добиено. Како пратеник треба да го имам и дали е воопшто издаден или е во илегала и

Второ, барам пратеникот што ја предложи оваа одлука, бидејќи е од итен карактер да ја образложи. Јас сум легалиста и сакам да работиме по закон. Благодарам.

И, дали пратеникот го има ова потпишано, не ми изгледа негов потпис.

**Слободан Најдовски:** Господине Иванов по однос на првата забелешка, член 79 вели: "Седницата може да се прекине кога за тоа ќе одлучи Собранието, по предлог на претседателот на Собранието, на пратеничка група, или десет пратеници, а заради дополнителни консултации".

Значи, Собранието одлучува. Јас предлогот го ставив на гласање, бидејќи имавте поддршка од десет пратеници. За тоа гласавме и вашиот предлог не помина. Тоа се согласно Деловникот.

Тука имаме ние еден договор, пратеничка група, а се знае што е пратеничка група кога ќе побара пратеничка група тогаш даваме пауза до 1 час.

Инаку, согласно Деловникот Собранието одлучува за прекин кој што не може да трае повеќе од 1 час.

По однос на втората ваша забелешка, пратеник може да предложи, а на оваа седница, кон оваа одлука се приклучи сега најверојатно и пратеникот Каме Петров. Пратеникот Каме Петров е тука и се работи согласно Деловникот.

Доколку сакате до Законодавно-правната комисија можете да поднесете барање за толкување, тоа ќе го имаме на една од наредните седници кога Комисијата ќе заседава. Значи, може да се побара толкување. Односно, треба до Мандатно-имунитетната комисија да се обратите. Така да сега можеме да работиме.

Во врска со третата ваша забелешка, законот е објавен во "Службен весник" број 40, тоа е денес. Може да го побарате, не е проблем.

Оваа одлука ќе се објавува утре, кога ќе стапи во сила, ако се донесе денес.

Значи, преминуваме на точката од дневниот ред **Предлог на одлука за огласување избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Од потпретседателот на Собранието на Република Македонија успеавме да дознаеме дека денес е објавен Изборниот законик. Она што го зборувавме во текот на расправата при неговото донесување дека се се прави набрзина и затоа се случуваат работи да прекинуваме продолженија на една седница за да закажуваме друга седница, за да се запазат некои рокови кои што се предвидени во Изборниот законик доведува до овие ситуации за кои што зборуваше колегата Љубисав Иванов.

Во однос на начинот на предлагање и формалната страна на овој предлог на оглас за избор на членови на Државната изборна комисија меѓутоа дефакто тоа значи и еден степен на несериозност во поглед на подготовката на парламентарните избори, затоа што на ваков начин, со вакво бразање ќе се појават многу други проблеми за кои што дискутиравме и кои ги образложувавме во текот на претресот по Изборниот законик.

Јас сигурен сум дека во текот на изборната кампања македонското Собрание нема да заседава, меѓутоа, убеден сум и во тоа дека ќе најдеме и други начини во кои што ќе ги потсетуваме колегите пратеници, од мнозинството пред се заедно со колегите пратеници од најголемата опозициона политичка партија кои на последните парламентарни избори во 2002 година освоиле најмногу гласови и кои што претставуваат носители на одговорноста од страна на опозицијата, а се лоцирани од страна на премиерот Бучковски дека она што претставуваше изборен законик и она што претставуваа амандмани на Изборниот законик претставуваа подобро функционирање на тој закон, негова поставеност како вистинска основа за фер и демократски избори. Меѓутоа, тоа што не беа прифатени не е наша вина, тоа е вина и на Владата и на ДПМНЕ, меѓутоа, факт е дека тоа ќе се покаже како многу лошо во текот на спроведувањето на изборните процедури.

Инаку, оваа одлука за огласување избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија, вака гласи заради амандманот кој што беше предложен од страна на ДУИ каде што се утврди дека Комисијата покрај претседател и членови има и заменик претседател, инаку не беше предвидено заменик претседател како дел од Државната изборна комисија.

Многу е добро, јас не знам како ќе биде утврдувањето на предлог листата. Свесен сум за брзината во која што морале и стручните служби да работат на овој оглас и брзината која што ја поттикнувале владеачките структури и брзината која што произлегла од договорот Бучковски - Груевски меѓутоа јас би поставил овде неколку прашања.

Ние распишуваме оглас за претседател, за заменик претседател на Државната изборна комисија и за членови на Државната изборна комисија. Согласно член 27 од Изборниот законик Комисијата за избори и именувања на Собранието на Република Македонија подготвува предлог листа од пријавените кандидати и ја доставува до Собранието.

Јас ќе ве прашам дали во овој оглас оној што ќе се кандидира за пртетседател, треба да се киандидира за претседател, или и за претседател и за член оној што ќе се кандидира за заменик претседател, ќе се кандидира и за заменик претседател и за член и за претседател на Државната изборна комисија и доколку е така тогаш веднаш се доведува под знак на прашања самата содржина на овој оглас или оваа одлука за огласување на избор на членови, претседател и заменик претседател на Државната изборна комисија.

Ние треба да избереме членови на Државната изборна комисија и согласно членот 29 да биде избран претседателот и заменик претседателот на Државната изборна комисија од редот на тие седум кои што ќе бидат утврдени од страна на Комисијата за избор и именување.

Доколку не е така, доколку е вака како што го правите, Комисијата за избор и именување ќе предложи само еден кандидат за претседател до ДПМНЕ и до ДПА и тие ќе го изберат и ќе мора да го изберат тој, освен ако не постои некој претходен договор во кој и се знае името на претседател, па нема ни потреба од сето ова што го правиме тука огласување осум дека и сите оние временски работи кои што значат само одолговлекување нешто што е кратко, но сосема договорено.

Истото тоа важи и за заменик претседателот. Дали заменик претседателот на Државната изборна комисија ќе биде избран од оние кандидати кои ќе конкурираат за заменик претседател. Комисијата ќе мора еден да предложи, затоа што сите што ќе ги предложи се седум. Нема да има листа за заменик претседател.

Ве молам, размислете за ова што го зборувам. Сакам фер и демократски избори. ВМРО-Народна направи многу за овој Изборен законик да биде како што треба и ова што денес се случува навистина не личи на сериозност при реализацијата на една ваква стратешка работа за Република Македонија. Повлечете ја оваа одлука, направете ја како што треба, или оној дел од

законот, за кој што ви укажувавме дека ќе има проблем при неговото ефектуирање ќе се покаже во самата оваа процедура дека навистина е така и само ќе се потврдат  аргументите кои што ги кажувавме во текот на расправата за Изборниот законик. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пртеници, од кои 62 за одлуката, нема воздржани и 8 се против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.

Бидејќи дневениот ред е исцрпен, ја заклучувам Сто триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Со ова денешната работа завршува.

(Седницата заврши во 16,20 часот).